СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ПОЕЗИЈА

Жаклина Михајлова
**ТАЛКАЊА**

Рецензент: м-р Марина Мијаковска
Лектор: Елена Тошева
Корица: Бубе Донска
Покровител: Ѓорѓи Михајлов
Тираж: 300

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3-1

МИХАЈЛОВА, Жаклина
Талкања / Жаклина Михајлова. - Скопје : Ж. Михајлова, 2016. - 67 стр. ; 21. - (Современа македонска поезија)

Белешка за авторот: стр. 65

ISBN 978-608-65724-2-6
COBISS.MK-ID 101086986

Copyright by: Жаклина Михајлова
www.zaklinamihajlova.com

ЖАКЛИНА МИХАЈЛОВА

# ТАЛКАЊА

Република Македонија
e-mail: zaklinamihajlova@gmail.com
2016

# Патување помеѓу небото и земјата

# ПУСТО ЖЕНСКО

Тешка судба
совладува денови,
непочитувани врвци,
неврзани сокаци,
растурени семки
во плодова вода.
Раскрсници,
крстосници,
распнати,
раскостени,
крстоносци ...
Крик:
„И стреите плачат
кога женско се раѓа.“

# АВТОСКОПСКА

На третиот ден
наречниците ми пресудиле:
да бидам туѓа на своето,
да не бидам господар ниту на моето.

Да подучувам, да согледувам,
да упатувам, да согорувам,
старци да догледувам...
Деца да поттикнувам,
на пат да ги упатувам...
Ми пресудиле:
со големите мала,
со малите голема да бидам,
други да ме гледаат,
јас да не ги видам.
И уште:
Жешки камења на стомак да носам,
трн во око непотребно да сум,
реченото, недорек да ми биде,
дожд да сум, што и низ магла ќе се виде.
Со рацете што ќе допрам фатено да е,
да прикажувам, да пишувам,
да разбирам, а недоразбрана
од овој свет да заминам.
Уф, судбина – драма,
меѓу луѓето да бидам сама!

## ВЕЧНА СВЕТЛОСТ!

Ако сум видовита и ако
иднината ја гледам пред себе,
ако сум даровита и ако
раздавам сѐ од себе,
ако сум добробита и добро
ако на желните им правам,
ако имам надеж со неа
планини да помрднам,
но, ако ми фали љубов,
јас сум ништожна.

Ако легнам да ме газат
и дозволам да ме мразат,
ако во оган за други
редовно горам за нешто да сторам,
ако имам кули и палати
и живеам со високи плати,
ако се раздавам себе си на алчни,
на важни и на сиромаси,
и ако, притоа, љубов немам,
сѐ џабе ми е!

Љубовта е стрплива,
ретка и внимателна,
љубовта е нечујна,
упорна и важна,
не се лути, не се срди,
не е горда, не е себична,
не е куса, не е лажна,
не фаќа кусур, не памети лошо,
заштитува, заблудува, конзервира.

Никогаш не се расипува,
не се губи,
само светлост
затскриена останува!

# ПУСТИОВ

Останав без зборови.
Со нема, тапа празнина,
душа - шуплина со ехо исполнета,
празна приказна зинала,
очекува пресврт
или, пак, крај.
Сонцето свети,
веројатно за други,
капка по капка,
пустиов се топи
како свеќа восочна,
жолт, сив, напати црвен
или црвчен,
напати црн...
Експлицитно балансиран,
во жилите кодиран.
На сон различен,
на јаве непочитуван,
но дефинитивно,
несвесно скандиран!

# УЧИТЕЛКАТА

Им кажува бајки,
а живее во своја.
Ги учи да зборуваат,
а ги разбира без зборови.
Ги учи да чекорат,
по правиот пат да врват,
а тие ја учат да диши
на бели дробови,
да се успокои.
И без научено животот ќе
врви, неминовно!
Секој со својата среќа!

# НАШАТА

Многу е интересна!
Многу е паметна!
Со ниет на земјава
од Ѕе е пратена!

Корисна за сите да биде,
да дарува, да опоменува,
да прикажува, да твори,
со писмо за вистината
разбирливо да збори.

Слепците со виделина
да ги чести и гости,
заспаните од сонот
да ги буди и во пости!

Изѕемнета пред
луѓе простум да стои,
секој во мислите свои
само лошо ѝ крои.

Вулканот внатре
да ѝ клокоти, да би,
во старите жили
крвта да ѝ гори,
за наше добро,
да не престане
да збори!

## ИСКУШЕНИЕ

Искушение
огнено
игра во
утроба.
Чепка,
притиска,
гмечи,
боди,
распарува
подло.
Кираџија е искушот,
скап мир и залак,
лук и вода
некрстена,
празна
каленица
распукана.
Ајде, правец
во чистилиште
задолжителен!
Фрли камен
на местото
да падне!
Таму највеќе тежи,
студениот!

# ПОМИНА РАЈОТ!

Ѕвездите волшебно
паѓаа од небото,
желбите конечно
беа изречени
срцеверно,
славејот пееше
во ноќната тишина,
вистината виновна
ја направи  судбината!
Во изворот згасна
течението,
само трк низ песните,
само магла натежнала,
само тишина притиснала,
само ехо  на среќата...
Уништена љубов!

# ВИСТИНАТА

Јадеше,
јадеше,
туркаше,
се товеше...

Компензација
за глад,
или
жед за љубов?

# УБАВИНА

Погледот потврдува
дека сè уште живее во тебе.
Затреперува и гласот,
насмевката како
кнедла ’лцнува,
стега во грлото
крик засолнат,
кожата се ежи,
морниците лазат
низ ганглии,
споро ама визуелно,
светот застанал
кој знае од кога?
И сега стои,
се насетува ерупција
на згаснатиот вулкан...
Пак видовден!

# ПОТРЕБНА ПЕСНА

Со раширени раце
прегрни ја љубовта,
стисни ја нежно,
впечаток врежи,
во мирисот зајди,
во копнежите
капка есенција
неминовно капни,
за споменот
повторно да грее,
да оживее...
Дари грст,
една трошка
топлина,
за прошка!

# СОЛЗЕЊЕ

Не, не беше плач,
суво солзење е тоа.
Печат и летаат,
за непребол сведочат.
Солзат тажниве,
сказни солзат,
допирот в душа
осамено испливува.
По сопствен избор,
вжарен изгор,
збор еден,
друга мисла
- права линија!
Крај! Крај?
КРАЈ.

# ЗАПОВЕДНА

Испружи ја
раката,
како капка
вода, насушна,
да ти капнам.

Отвори го
срцето,
како светлина
да ти влезам.

Дари ми ја
душата
со љубовен
конец
да ти ја
навезам...

Та така, простум,
да те маѓепсам,
да бидеш мој,
како царица
да владеам
врз умот твој.

# ДОЈДИ МИ

Дојди ми
со мирисот на море,
со коприна на очи,
со пајакова мрежа
исплетена в душа.
Дојди ми,
расчепкај ја
омразата  на
дно што ме влече,
избистри јареката
низводно што тече,
дојди ми како песна,
како солза,
како син месец
огреј ме,
како стара новост
испили ме.
Дојди ми ,
побрзај, итај,
дај еден миг само,
ко еден блесок,
вечност да ни биде,
траг во бескрајот!

# НАША

Тој:
И на крајот на светот
што како топка се врти
- ти си единствена,
од минатото
кон иднината
како стрела
испуштена луташ, бегаш,
скиташ, нуркаш
и пак се појавуваш,
кон мене
гравитираш, знам!

Таа:
И од крајот на светот
по месечината пораки испишувам,
во сонот мисли ти врежувам,
виртуелни, телепатски,
кодирани...
Квантна енергија,
потоци, вибрации
праќам ли праќам...

Секој има свое бреме,
секој има свое време
- два света, два цвета,
живот во песна овенат!

# ЛУЗНА

Со раширени раце
прегрни ја љубовта.
Стисни ја нежно,
впечаток врежи,
во мирисот зајди,
во копнежите
капка есенција прати.
Колку споменот
повторно да оживее,
да стежи,
прашинка една,
трошка, колку
за прошка.

# АНГЕЛ

На д-р Т. Анѓушева

Блазе мајка што те роди,
јунак душа што ти дари,
од добрина исплетена,
со нежност закитена,
зборот – милост ти испушта,
поглед радост ти светнува,
одмерен од, разумен код,
вредна, даровита, грижлива.
Најсветлата ѕвезда твоја да е,
ангелу, светлост волшебна,
среќна да си, само!
Амин!

# КАДЕ Е КЛУЧОТ?

на Вука

Ако некогаш, ваква остарена,
имам среќа да те видам,
ако некогаш повторно
ми кажуваш
лаги и приказни,
ако некогаш
ти дозволам
повторно да ја
отвориш оваа врата,
ако некогаш
посакам да те читам,
со тебе да скитам,
за тебе да мислам,
да дишам,
пак да свиснам...
Тогаш,
проклета да сум,
аир да не видам,
ни бели мугри
ни сонце, ни ден.
Камен отежнат,
кукла камена за
векови да бидам.
Клучот е во книгата....

# ИСКЛЕСАНА

на А. Митриќески

Со широк кадар
се отвора слика,
со длето и чекан
исклесана на повид
се покажува вистината.
Едноставна, проста,
неопходна, чиста...
Токму таква,
дамнешна,
а така блиска!
Како јазикот ни наш
листа листови
едноставност,
листови постоење,
листови чесност
и многу љубов за
достојно (до)стоење!
И таму глеј,
од МИТРА
душата блеска,
како митра
утринска
благословена,
како вистински Митрак
проповеда, убедува,
вистината на виделина со
вистина ја споредува:
како сонцето што раздава
и човекот да дава со грстови,
не, со млазови да дава топлина,

да точи со реки светлина,
со океани да ја распостила
низ земјава и бесповратно
да очекува добрина!
Аманет да е, за амин сфатено:
Дете на сонцето,
да би, за векови со
сончевина позлатено!

МИТРА - Бог на сонцето
митра - билатерален договор (старо-македонски), првата светлина на изгрејсонце
( санскритски), или другар ( персиски)
Митраци - македонски проповедници на религијата на Богот Митра (Во римското царство опстојуваат до III век од новата ера)

# ЗА АИРЛИЈА

Ви посакувам:
Светлината патот да ви го покажува,
разумот да ви царува,
среќата да ве позлатува,
надежта да ви биде ѕвезда водилка,
проблемите да ви избледат,
во срцето да ви тлее само добрина,
љубов и радост да ви блика,
во годинава пред очите
да имате само таква слика!

Нека ви е среќна годинава што иде,
а честит и за многу години
и Божик да ви биде.
Здравје, пред сè, а потоа и пожелание
во секој дом да има, лична среќа
бериќет, успех, позитивна енергија,
но, и многу љубов за Македонија!

# РОДЕНДЕНСКА

на Лидија

Чекор по чекор,
цврсто, но од душа,
стапка по стапка
во правец свој,
шеесет лета
ѓердан за гуша
се носат, се трпат,
се штедат, се крпат...
Да издржат долго,
во здравје и среќа,
да продолжи живот
изграден со среќа.
Честит да е денот,
за многу години светлост,
спокој, љубов, радост,
Ѕе да ти дари
златна старост!

# РОДЕНДЕНСКА

на Илија

Осумдесет лета
животот ти цвета,
уште толку
Господ да ти дари,
радост, здравје и љубов,
секој ден да ти цари!

# ТАЛБИНГО

Мое си!
Те присвоив како неротка
дете што посвојува,
како ајванче до мајка
што се прилепува,
те присвоив како сува корка
нафора по здоцнета литургија,
како капка вода на жега августовска,
така македонска.

Те присвоив со огромните кенгури,
со разнобојните розели,
со змиите пролетни...
Те присвоив со чудните езера,
со билките европски,
со збеснатите громови
и споулавените дождови.
Те присвоив и неможам без тебе.
Трчам, итам, долетувам забрзано
за грст сон и спокојство,
за здив чист воздух,
за инспирација, за рекреација.
И никој овде не ми треба!
Доволни ми се звуците на твојата тишина,
доволни ми се природните прегратки
од буки и борови,
од сончеви зраци,
од вода за здравје разлеана...
Мое си, Талбинго, само мое,
те присвоив и себично те чувам,
засекогаш!

# МАКЕДОНСКА

Војници имаме од опачината на тревата,
војници се бараат од лицето нејзино, сега.
Војници простум, цврсто да стојат
и мислењето без мислење да си го бројат.
Војници на јаве исправени, со мукает
во душата сончевина облеани, кристално
бистри и стројни, војници чесни,
чедољубиви, татковински, филјани,
војници генетски предодредени,
војници свои на своето, на огништето,
заљубени во сопственото,
во наследеното!

Опачината на тревата
од последни здивови дише,
вришти, опоменува, проколнува и моли,
за здив на сегашните, на окостените,
за здив на преостанатите,
на не аздисаните
и со туѓи крилја накитените,
на забеганите,
за здив почитување,
добрина и верба
здив сончевина за корените ...
Ајде, на поклонение нашинци!

# НЕЗНАЈНА

Дива трева расти
по дворовите, пред куќите,
во чикмаците, низ сокаците...
И ноќно сонце грее низ пчениците
низ полето со лубениците,
ги подголтнува ридовите,
обраснати со дрвја пирамидите,
на простодушните
и на оние „продуховените“
им влегува в куќи крадешкум,
како чума, како рана,
како сенка ги следи,
им чука, ги опоменува...
Кој да чуе, кој да верува
дека и од утробата нешто
зајадливо ги подјадува?

# СКУЛПТУРИ

Различни стилови,
различен простор,
различни мотиви,
различна рака
на креаторот,
физички
и психички
разлики.
Рзлично прифатени,
различно оценети....
Сите споделуваат
чувство на
припадност
и траг на
време едно!
Уникатно,
Наше.

# Патување низ просторот

# МЕЃУ SВЕЗДИТЕ

Вечерва со Бога вечерав,
меѓу sвездите!
Високо,
поблиску, слатко...
Лебдев во 3Д глатко...
Крвоток, пат прекуокеански,
заробена во челичната птица
низ окното поглед фрлив
и волшепство во жили ми блесна.
Sвездите, пред мене
на дланка испружени,
со сказните свои
на дофат придружени,
а така далечни, осветлени,
растрепкани,
некои зачмаени,
но, и тие
со sвездена
прашина испрашени!

# ХАВАИ ПО ЧЕТВРТ ВЕК

Зрели
лубеници
со сочни
дисаѓи!
Сега,
за утробата
патување
јалово,
за
душата , пак,
галовно...

# ХАВАИ ПО ДВАЕСЕТ И ПЕТ ГОДИНИ

Одмор за одмор
одмара одморен турист.
На тој што не му е чкртнато
бара зајдисонце
на изгрејсонце,
и успева, за жал!

# ЗАЛЕЗ

Руменило
во три бои.
Прегореното сонце
тоне во океанот....
Залез пред очите,
залез во очите.
Ех, изгор !

# ТОПЕЊЕ

Топчесто руменило
во три бои
тапо тоне во Пацификот!
Портокаловата рапсодија
во молк издишува, се губи,
се разлева...
Спокојот на убавината
продира во душата.
Растреперено,
величенствено,
таинствено, трајно...

# МАЧОРОТ ИЗИС

Со поткаснато уво,
обраснат,
изнемоштен,
стар,
мачорот Изис
предеше ноќум
чувајќи го
достоинството
на хотелот хавајски.
Енигма за
интуиција е
во кој живот
беше?

# ХАВАЈСКИТЕ КИТОВИ

Игриво и грациозно
китовите уживаа
во својот одмор.
Љубопитството
на човекот да ги ѕирка
- зачудува!

На дваесет милји чуена,
песната на китот
повикува на верност,
на љубов, на дружба.
Уникатна симфонија
за продолжување
на животот!

# ПРВОТО ВИДУВАЊЕ НА КИНА

Иљадници страдалници
судбина кошмарна делат.
Ред во хаосот,
и почит
и верба,
и молк...
Слобода за живот,
живот за работа,
работа за слобода,
хиерархија,
ред,
(не)култура
и, пак, почит...
Насмевки без емоции...
Перпетум мобиле
на секој ќош!

# ВТОРОТО ВИДУВАЊЕ НА КИНА

Старото и новото
во допир, а неспоени.
Ученото на виделина,
не ученото на улица.
Метеж од гладни
и за ништо страдни.
Светска сила со два пола
под плаштот на ноќта живуркаат,
без пардон своето си го прават.
Што ли денот крие,
невидливо е, за жал!
Со глас – безгласни,
со стас
поддувнати,
со ум – засолнати!!!
Среќата во вреќа спие!
Кина си е Кина!

# САЕМОТ ВО КВАНГ ЏО

Денот почнува!
Илјадници лица,
невидена врвулица!
Се збрал овој свет
на едно место сет.
Во очите - знак за долар,
на лицата вечен умор,
но телото брза, ита,
работата не чека,
времето се преточува во здив,
ко меур низ река протекува,
однесено, занесено, поминато.
Борба за живот!

# ПОСЕТИТЕЛИТЕ НА САЕМОТ ВО КВАНГ ЏО

Ејгиди луѓе забрзани,
ејгиди сурати човечки,
ејгиди народ – мравјалник,
ејгиди „на ти - дај ми“ соновник!
Дотерани, распашани,
забрадени, натокмени,
боси, обуени, љубопитни,
разнобојни, разноверни,
белосветски, домашари...
Така различни, а
така едни – завјасани!
Со насмевка иста
со сима на љубезност,
со цел, со дела, со пари, многу,
со желба за уште, со кураж,
со бесрамност,
со очи жедни за полза...
Да (те ) продадат, да (те) купат...
Луѓе на денешницата!

# ИНДИЈА

На едно место
северен и јужен пол.
На едно место сино небо
и сува прашина.
На едно место зачинети, зачарани,
уникатни, низ стихови
и сказни дочарани.
На едно место
лудост, чиниш,
а ред.
На едно место
традицијата
диши од дамнина.
На едно место
конрадикторност,
своина,
отуѓеност,
потчинетост,
надменост,
негрижа,
сонце лудо!
Индија, Индија,
Индија е чудо!

# ИНДИЈА – ПРВ ДЕН

Полутопка
патување,
во Индија слетување.

Глетка различна,
мирис размирисана,
прашина испрашена,
свиреж и луѓе насекаде:
по улиците, во тук-тукчињата,
во автобусите и возовите.
Луѓе облечени, раслечени,
луѓе измиени и не миени,
луѓе истоштени, исцибрени,
здебелени,
небелени, забулени,
луѓе со раце широко раширени...
Луѓе едноставни,
сити и во себе сигурни.
Но и луѓе гладни
и за леб страдни,
луѓе вредни и мрзеливи
луѓе со традицијата не разделливи...

# ИНДИЈА=ЖИВОТ

Низ мирисот
на зачините,
зачинета
душа се раѓа!
И сонцето
загорело,
во прашината
се запретало.

Сепак,
ѕвезди светнале
во билиони очи,
љубов за животот,
исконска љубов
од и до немајкаде...
Така треба!

# ЏЕЈПУР

Раселуван, преселуван,
распространет,
расчистуван со метли од прачки,
замотан со дречливите бои
на шамиите,
на фустаните и сарите,
закитен со скапоцени и
полускапоцени камења,
сместени во жолто злато,
сосема неважно дали е дубле
или е вистинско.
Зачинет со префинети
зачини на истокот,
замирисан со цветните масла
правени по подрумите,
или со урината на милиони
дедо-учени, кои слепо
ја следат традицијата
или уживаат во „срамотата“,
кои, ете, баш така си го тераат ќефот.
И Господ, чиниш, зел збогум,
ама луѓето - не!
Спокојно, трпеливо, живуркаат,
постојано се тука, де!

# НОКТУРНА ВО ИНДИЈА

Ноќ е!
Врне,
истура!
Многу е
раздвижено
низ улиците!
Кола до кола!
Шетаат,
со загреаните светла,
чиниш,
ти удираат во сонот,
ти го распарчуваат,
те оставаат
сам и повреден
и безгрижно,
продолжуваат!

# РАЗДУВАНИ

Дувај, дувај
енергијо на
универзумот!
Дувај живот
во суштествата!
Дувај свест,
дувај интелект,
дувај и дај
духот да си
оди на своето!
Ни ти во моето,
ни јас во твоето!
Секој, ама баш
секој, на своето!

# АГРА

И свето,
и грдо,
и лично,
и магично,
и тајно,
и јавно
сѐ во метеж се врти,
со скрстени раце се с’рти
и чека,
недочек
лелека!
Кај има
 – придал Бог
повеќе да има,
кај нема
– казнил Бог
и памет да нема...
Животот тече
во матно.

# КИЛИБАРНАТА ТВРДИНА

Стапка по стапка,
врвица слонови,
маѓепсани туристи,
нападни продавачи,
и, пак, слонови,
семејства мајмуни,
ѕидини, килибар,
ѕидини, столбови,
скали и градини,
чипка во мермерот,
за скришни
анамски ѕиркања.
Ѕидини, време минато
во високи соништа,
испишани во сведоштва,
во мермер исклесани
за постоењето сведоштва.

# ЛИТЕРАТУРНИОТ ФЕСТИВАЛ ВО ЏЕЈПУР

Важно е да си виден и да видиш,
важно е да следиш, да научиш,
важно е да читаш, со книгите
в рака да шеташ.

На секоја страна убавина,
разговори, читања,
дебати, мислења...
Почит и чест за сите
духовна исполнетост,
од Шекспир до ден-денеска.

Верба во знаењето
и многу љубов за
пишаното, за толкуваното,
за прикажаното.
Примери за
животот!

# ТАЖ МАХАЛ

Светлосен дворец,
белината
заслепува,
чиста, искрена
љубов
од секој камен блеска,
сјае, длабински продира,
чиниш душата на
умницата Махал
и по пет века
низ мермерот
се провира...
Како радост,
со коприна,
со златни нишки
извезена, ѕидана
е нејзината добрина,
звукот на ехото
одзвонува
песната
продолжува
низ воздишките наши,
како бран со векови
се протегнува.
Ах, љубов била тоа
штом и ден денес
засегнува...

# ШАХ ЈАХАН

Како на дланка
жени можел да има,
избор - изгор
да раѓа,
како на
тепсија сладост
послужени,
да се чести, да се гости,
да се размножува...
Но срцето само една
со љубов го
боцнала,
само една
радост му
вдахнала, само еден зрак
светлина
топлина му бил,
само Махал
дарувајќи му рожба женска
во миг ја загубил.
Тагата в пепел шахот го сторила,
љубовта низ
белиот мермер му прозборела.
За сведок да е и
низ години да стои.
Ни моќта не е слатка без љубов!

# ГУЛАБ

На аеродромот во Џејпур, сепак,
пиле може да прелета.
Ред се редат сите,
од врата до врата,
низа печати,
еден по еден...
Мажи, па жени
пак, печати рој,
од соба во хол,
уште во еден,
но, не и последен.
На скенер,
секој е
сто пати проверен.
Луѓето врват,
споро,
проверени,
до гола кожа
разгледани,
со печати
опсипани...
Сепак,
гулаб си прелетал,
без прегледи и печати,
невино во забранета
зона прелетал.
Само пиле шета
низ чекалната празна,
незнајно гулабот
влезе во
приказна.

М-р Марина Мијаковска

## „ТАЛКАЊА“ ПОМЕЃУ ПРОСТОРИТЕ ОД СЕЌАВАЊА

Драг читателу, пред нас ја имаме најновата стихозбирка под насловот „Талкања“ од македонската поетеса Жаклина Михајлова. Оваа дводомна писателка за деца и возрасни живее и твори во два дијаметрално далечни културни простори – Македонија (родината) и Австралија (домот-туѓина). Затоа, не случајно оваа поетеса-номадка создава емотивно разголени и патувачки творби кои се во постојано движење во денотативната семантика на поетскиот јазик. Михајлова е и вешта талкачка и освојувачка на поетските светови и простори, познати и непознати. За неа се иманентни физичките и конкретните патувања на релација дом-туѓина и дом-странство, но, исто така, и духовните и интелектуалните преселби, затоа што, таа е учителка по мајчин јазик во Сиднеј и авторка што постојано духовно и културно се усовршува и себеизградува. Тргнувајќи од тој факт можеме да констатираме дека поетесата создава автопоетични песни бидејќи, во секој стих се огледува како во огледало ликот на нејзината индивидуалност и искрената и објективна реалност, како и животното опкружување. Движењето во про-

сторните патокази е движење и на поетските пораки кои се повеќеслојни и напластени со боите на главните и универзалните одлики на лириката, а тоа се: фигуративноста, емотивноста и референцијалноста. Поезијата во книгата „Талкања“ се одликува со куса и сугестивна форма затоа што таа се пишува во еден здив и излегува низ еден продуховен вдах на лирските минијатури во од. Поезијата е и глад и жед и храна и љубов. Тоа е главна поетска слика изразена во лирската песна „Вистината“:

**Вистината**

Јадеше,
туркаше,
се товеше...

Компензација
за глад
или
жед за љубов?

Во оваа стихозбирка тематските и мотивските јадра како слоеви се најразновидни, па токму затоа, во некои песни се пее за љубовта како главен именител на општочовечката љубов, копнежливата љубов на релацијата маж-жена, пријателската љубов и родољубивото чувство, или како што велат следниве стихови од една песна:

Љубовта е стрплива, ретка и внимателна,
љубовта е нечујна, упорна и важна,
не се лути, не се срди, не е горда,

не е себична, не е куса, не е лажна,
не фаќа кусур, не памети лошо,
заштитува, заблудува, конзервира.
Никогаш не се расипува, не се губи,
Само светлост затскриена останува!

Низ грстот од педесеттината сугестивни и шетачки песни опстојува егзистенцијалната потреба за осознавање на просторот овде и сега (Австралија-Македонија), но, и на просторите таму (Индија, Кина, Хаваи, итн.), а кои се истовремено и далечни и имагинарни посакувани дестинации за нова инспиративна котва. Токму затоа композициски оваа книга е поделена на два компактни дела, како клучни маркери на двата сопоставени простора - домот и патувачките раселени јаства. Во првиот дел песните се обележани од боите на виножитото на родината, а во вториот дел се нурнува под шарените пејзажи и платна на Кина, Индија, Хаваи, итн. Во прегратката на личните импресии се бара хармонијата помеѓу самиот себе и светот, а таквото талкање по хоризонтите е, всушност, желбата за себепронаоѓање и вкотвување во еден лиминален простор за творење, а сето тоа е изразено во песните од првиот циклус: „Пусто женско“, „Автоскопска“, „Пустиов“, „Солзење“; „Потребна песна“, „ Македонска“„ и други.

Стихозбирката се одликува со тематска и просторна широчина на погледот вон и во. Такви се патувачките песни од вториот циклус, а обединети во обрачот на

насловите: „Талбинго“, „Хаваи по четврт век“, „Хаваи по дваесет и пет години“, „Хавајските китови“, „Првото видување на Кина“, „Саемот во Квант Џо“, „Индија“ и други.

Стилот и во оваа книга на Михајлова е обременет со висока фигуративност исткаена од стилската оркестрација на: парономазијата, анафората, епифората, зигмата, епитетот, итн. Кусите песни се облечени со облека од звучни и созвучни кованици преку кои поетскиот јазик добива една ѕвездена и универзална димензија.

И конечно на крајот, драг читателу, можам да ти укажам на тоа дека „Талкања“ од Жаклина Михајлова нема крај. Поетот-номад е и турист и талкач, и немирен истражувач и невкотвен патник кој не се врзува за појасот на еден центриран и лимитиран простор. Таму каде што е движењето, таму е жедта на мислата и центарот што постојано ни бега и се измолкнува од погледот на тој што гледа. Таму каде што е песокта, таму е и водата, а и лебот на поетското писмо кое жари со искрите на љубовта.

На тој што му е чкртнато
бара зајдисонце
на изгрејсонце,
и успева, за жал!

## Белешка за авторот

Жаклина Михајлова – Учителката е учителка за мали и големи. Таа е активист и хуманист, промотор на македонскиот јазик и македонската култура и доброволно работи на организирање и креирање на манифестации кои го поттикнуваат зачувувањето на македонската култура и традиции. Таа е иницијатор на безброј манифестации, програми и случувања за промовирање на Македонија во светот. Досега ги има објавено збирките лирска поезија: “Од по жица“, “ Двојник“, „Руен“, „Талкања“, како и збирките хаику поезија со наслов “Цут“ и „Шум“. Михајлова е автор на сликовниците за деца “Патувањето на Дедо Мраз“, „По утрото денот се познава“ и на стихозбирката за деца „Златенца“, како учебникот „ Продукција на културен настан - мета елемент во глобалното и националното“. Нејзини творби се објавувани во повеќе светски антологии.

Жаклина е член на Друштвото на писателите на Македонија и член на Друштвото на новинарите на Македонија, член е на Австралиската хаику асоцијација и на Центарот на писатели во Нов Јужен Велс, Австралија. Таа членува и во повеќе општествени и добротворни организации низ светов.

www.zaklinamihajlova.com
Email: zaklinamihajlova@gmail.com

## Содржина

Пусто женско ........................................ 7
Автоскопска ........................................ 8
Вечна светлост........................................ 9
Пустиов ........................................ 11
Учителката........................................ 12
Нашата........................................ 13
Искушение ........................................ 14
Помина рајот ........................................ 15
Вистината ........................................ 16
Убавина ........................................ 17
Потребна песна........................................ 18
Солзење ........................................ 19
Заповедна........................................ 20
Дојди ми ........................................ 21
Наша ........................................ 22
Лузна........................................ 23
Ангел ........................................ 24
Каде е клучот?........................................ 25
Исклесана ........................................ 26
За аирлија........................................ 28
Роденденска ........................................ 29
Роденденска 2 ........................................ 30
Талбинго ........................................ 31
Македонска........................................ 32
Незнајна........................................ 33
Скулптури ........................................ 34
Меѓу ѕвездите........................................ 37
Хаваи по четврт век ........................................ 38
Хаваи по 24 години ........................................ 39
Залез........................................ 40
Топење........................................ 41

Мачорот Изис ........................................... 42
Хавајските китови....................................... 43
Првото видување на Кина ........................ 44
Второто видување на Кина....................... 45
Саемот во Кванг Џо ................................. 46
Посетителите на саемот во Кванг Џо ..... 47
Индија ........................................................ 48
Индија – прв ден ....................................... 49
Индија = живот .......................................... 50
Џејпур.......................................................... 51
Ноктурна во Индија .................................. 52
Раздувани .................................................. 53
Агра ............................................................ 54
Килибарната тврдина .............................. 55
Шах Јахан .................................................. 56
Таж Махал ................................................. 57
Литературниот фестивал во Џејпур ....... 58
Гулаб........................................................... 59